# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

**Службен весник на РМ, бр. 64 од 22.05.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" број 111/2008), во членот 3 по зборовите: „јавни површини" се додаваат зборовите: „на јавните објекти".

**Член 2**

Во членот 5 точка 4 по зборовите: „гранични премини" се додава зборот „аеродроми".

Во точката 7 на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „и околу јавните објекти, определени со урбанистички план".

**Член 3**

Во членот 8 став 1 по зборот „општините" се става запирка и се додаваат зборовите: „општините во градот Скопје".

**Член 4**

Во членот 9 по зборовите: „за домување" се става запирка и се додаваат зборовите: „и на дворните површини на јавните објекти".

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Одржувањето на јавната чистота на отворените простори на граничните премини и аеродроми, го врши сопственикот, закупецот или концесионер на објектот, самостојно или со отстапување на вршење на работите на правни лица регистрирани за одржување на јавна чистота во согласност со закон.

Во колективните станбени згради одржувањето на јавната чистота се задолжува да ја врши куќниот совет."

**Член 5**

Во членот 14 алинеи 1, 5, 10, 14 и 26 по запирката се додаваат зборовите: „освен за места определени за таа намена".

По алинејата 15 се додава нова алинеја 16, која гласи:

„- вклучување во сообраќај на моторни, влечни и запрежни возила од стоваришта или градилишта со валкани тркала,".

По алинејата 16 се додава нова алинеја 17, која гласи:

"- поставување на урбана опрема и други подвижни и неподвижни предмети."

**Член 6**

Членот 17 се менува и гласи:

„На јавни објекти и на колективни и индивидуални станбени и деловни објекти забрането е испишување на графити, поставување на светлечки реклами и видео билборди како и лепење на плакати.

По исклучок од ставот 1 на овој член, на места и објекти определени за таа намена од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, можат да се поставуваат светлечки реклами, видео билборди и да се лепат плакати."

**Член 7**

Во членот 19 воведната реченица се менува и гласи: „Заради обезбедување на јавна чистота на отворените простори на јавните објекти е забрането:".

Во алинеите 1 и 4 зборовите: „освен на места определени за таа намена согласно со закон" се бришат.

**Член 8**

Во членот 20 став 1 по зборовите: „се должни" се додава зборот „веднаш".

**Член 9**

Во членот 22 став 2 по зборовите: „корисници на" се додава зборот „јавни".

**Член 10**

Во членот 26 став 2 по зборовите: „општинските комунални инспектори" се додаваат зборовите: „комуналните инспектори на општините во градот Скопје".
Ставот 3 се менува и гласи:
„Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор над одржувањето на јавната чистота на отворените простори на граничните премини и аеродромите и во случаи кога општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје немаат овластено комунален инспектор. Во случаите кога инспекцискиот надзор го врши Државниот комунален инспекторат, бидејќи нема овластено комунален инспектор, инспекцискиот надзор се врши на сметка на општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје."
По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:
„Комуналните инспектори на градот Скопје инспекцискиот надзор го вршат на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти кои се од јавен интерес од локално значење на градот Скопје согласно со закон.
Комуналните инспектори на општините во градот Скопје инспекцискиот надзор го вршат на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти кои се од јавен интерес од локално значење на соодветната општина во градот Скопје согласно со закон."
Во ставот 4 кој станува став 6 по зборовите: „општинскиот комунален инспектор" се додаваат зборовите: „комуналниот инспектор на општините во градот Скопје".

**Член 11**

Во членовите 27 ставови 1 и 2 и 28 по зборовите: „општинскиот комунален инспектор" се додаваат зборовите: „комуналниот инспектор на општините во градот Скопје".

**Член 12**

По членот 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

„Член 28-а

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на органите на општините во градот Скопје и на органите во градот Скопје го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, за работите од нивна надлежност кои се однесуваат на одржувањето на јавната чистота.
При вршење на надзорот од ставот 1 на овој член, органот на државната управа за вршење на работите од областа на комуналните работи ги врши следниве работи:
1) ја следи законитоста на работата на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и презема мерки, активности и поднесува иницијативи за остварување на нивните надлежности;
2) им укажува на органите на општините, на општините во градот Скопје и градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и предлага соодветни мерки за надминување на таа состојба;

3) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општините, на општините во градот Скопје и градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите утврдени со овој закон;
4) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите за работите кои треба да ги вршат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, согласно со овој закон, а на нивно барање;
5) го следи навременото донесување на актите од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје;
6) дава мислење и стручна помош на барање на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје по предлог на актите кои произлегуваат од овој закон;
7) го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје од аспект на редовно, навремено, вистинито и целосно известување на граѓаните за работите утврдени со овој закон и
8) навремено ги известува органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.
За преземените мерки и активности од ставот 2 на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ги информира органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје."

**Член 13**

По членот 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

„Член 29-а

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во општината доколку не го организира одржувањето на јавната чистота во општината (член 7).
Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице во правното лице кое ќе издаде потврда или извештај без извршена општокорисна работа од страна на лицето упатено на извршување општокорисна работа (член 40 став 5)."

**Член 14**

Во членот 34 ставот 4 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице ако постапува спротивно на членот 19 од овој закон."

**Член 15**

Во членот 37 ставот 1 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице сопственик, односно корисник на јавен објект ако не го исчисти снегот од отворениот простор пред јавниот објект (член 22 став 2)."

**Член 16**

Во членот 38 ставот 1 се менува и гласи:
„Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 29, 30, 31 ставови 1, 2, 3 и 4, 32, 34, 35 и 37 на овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд."
Ставот 2 се брише.

**Член 17**

Членот 39 се менува и гласи:

„Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје, односно униформираниот полициски службеник и комуналниот редар ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 31 став 5, 33, 34 став 4 и 36 на овој закон, на сторителот ќе му врачи покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

Ако сторителот не го плати предвидениот износ на глобата согласно со рокот од ставот 1 на овој член општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје, односно униформираниот полициски службеник ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Комисијата од ставот 2 на овој член ја формира министерот за транспорт и врски и е составена од два члена и претседател.

Членовите на Комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство најмалку од две години, а претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство најмалку од четири години.

Во случај на водење на прекршочна постапка, Комисијата од ставот 2 на овој член може да изрече глоба најмногу во трикратен износ од утврдениот со одредбите на членовите наведени во ставот 1 на овој член.

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот предвиден во ставот 1 на овој член комуналниот редар е должен да поднесе предлог до општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје, за покренување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци.

Доколку сторителот на прекршокот е малолетник во тој случај се постапува согласно со Законот за малолетничка правда.‟

**Член 18**

Во членот 40 ставови 1, 2, 4 и 7 по зборовите: „општински комунален инспектор‟ се додаваат зборовите: „комуналниот инспектор на општините во градот Скопје‟.

Ставот 5 се менува и гласи:

„Доколку сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член прифати да врши општокорисна работа, е должен истата да ја изврши во рок од 30 дена од денот на упатувањето за вршење на општокорисна работа и во рок од три дена по извршувањето да достави потврда за извршената општокорисна работа до инспекторот, односно униформираниот полициски службеник или комуналниот редар што го упатил на општокорисна работа. Потврдата ја издава овластено лице на Јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или на правното лице за одржување на јавна чистота, врз основа на писмен извештај потпишан од лицето кое врши контрола при извршување на општокорисна работа.‟

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Доколку сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член прифати да додели средства за вршење на општокорисна работа е должен истите да ги додели во рок од 30 дена од денот на прифаќањето и во рок од три дена од денот на доделувањето на средствата да достави доказ до инспекторот, односно униформираниот полициски службеник или комуналниот редар. Доколку сторителот на прекршокот не достави потврда за извршена општокорисна работа во определениот рок или не додели средства за вршење на општокорисната работа, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините

во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.‟
По ставот 6 кој станува став 7 се додаваат два нови става 8 и 9, кои гласат:
„Јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или правното лице за одржување на јавна чистота е должно да води регистар за вршење на општокорисна работа.
Формата, содржината на образецот и начинот на водење на регистарот за вршење на општокорисна работа ја пропишува министерот за транспорт и врски."
Ставот 7 станува став 10.

**Член 19**

Во членот 41 ставот 1 се менува и гласи:
„За прекршоците од членовите 29, 31 ставови 1, 2, 3 и 4, 32, 34, 35 и 37 на овој закон општинскиот комунален инспектор, комуналните инспектори на општините во градот Скопје, односно на градот Скопје и униформираниот полициски службеник може на сторителот на прекршокот да му предложи посредување и постигнување на согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки и да ги отстрани последиците од прекршокот.‟
Во ставот 2 по зборот „Инспекторот‟ се додаваат зборовите: „и униформираниот полициски службеник‟.
Во ставот 7 зборовите: „и општинскиот комунален инспектор на општината, односно на градот Скопје‟ се заменуваат со зборовите: „општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје и комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник‟.
По ставот 10 се додава нов став 11, кој гласи:
„Во случаите во кои не е постигната согласност во постапката за посредување, комисијата за посредување ги известува лицата од ставот 7 на овој член.‟
Ставовите 11, 12, 13 и 14 стануваат ставови 12, 13, 14 и 15.

**Член 20**

По членот 42 се додава нов член 42-а, кој гласи:

„Член 42-а

Средствата од глобите изречени во мандатна постапка од страна на комуналните редари, општинските комунални инспектори на општините, комуналните инспектори на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и средствата од глоби изречени во прекршочна постапка поведена по барање од општинските комунални инспектори на општините, комуналните инспектори на општините во градот Скопје и на градот Скопје, се приход на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.
Средствата од глобите изречени во мандатна постапка и средствата од глоби изречени во прекршочна постапка поведена по барање на униформираните полициски службеници се приход на Буџетот на Република Македонија.‟

**Член 21**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавна чистота.

**Член 22**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.